**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *Е К О Н О М И Ј А*

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА

**за IV година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***
***економски техничар, деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг***

**Скопје, мај 2002 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ЕКОНОМИЈА

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: економски техничар, деловен секретар и техничар за трговија и маркетинг
1.2.2. Група струки: економска, правна и трговска струка

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Изборна настава - заеднички предмет за струката

## 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Изборен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *економија за матура* е учениците да ги продлабочат и прошират стекнатите знаења за економските закони и категории, од областа на макроекономијата како дел од современата економска наука, со цел самостојно разбирање, објаснување, теоретско воопштување и правилно проучување на современата економска наука во услови на сложена и динамична економска стварност, поттикнување на нивната аналитичка и критичка мисла, како и за надградување на стекнатите знаења од областа на современата економска наука со цел продолжување на образованието на соодветните високообразовни установи.

Од општата цел на наставниот предмет *економија за матура* произлегуваат и следниве посебни цели:

- ученикот да ги прошири знаењата за основните поими на макроекономијата;
- да ја разбере суштината на показателите на општественото производство;
- да ги продлабочи стекнатите знаења за потрошувачката, штедењето и инвестициите, со посебен осврт на одделни национални економии во светот;
- да ја разбере улогата, карактеристиките и развојот на индустријата, земјоделството и другите области на стопанството, со посебен осврт на Р. Македонија;
- да ги разликува видовите и трошоците на невработеност, како и невработеноста и инфлацијата во одделни национални економии во светот;
- да ги објасни другите видови јавни приходи и јавни расходи;
- да ги елаборира буџетските дефицити, економските циклуси (рецесија и експанзија) и монетарните политики (експанзивна и рестриктивна) во современите економии;
- да ги продлабочи знаењата за мегународната трговија, надворешно Ђ трговскиот систем и политика и девизниот систем и политика, со посебен осврт на Р. Македонија;
- да ги поврзува економските закони и категории од областа на макроекономијата и микроекономијата како битен предуслов за правилно сфаќање на современата економска наука.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини од наставниот предмет *економија за матура*, односно за постигнување на поставените цели, потребни се основни знаења стекнати од наставните предмети *бизнис за ИИИ и ИВ година, деловно работење за ИИИ година и економија за ИИИ и ИВ година.*

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на час.** | **Конкретни цели**<br>*Ученикот:* | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ОСНОВИ НА МАКРОЕКОНОМИЈАТА** | **9** | - Да ги сфати основните цели и инструменти на макроекономијата;<br>- да го согледа значењето на макроекономската рамнотежа, како и причините за нејзино нарушување;<br>- да го објасни поместувањето на кривата на агрегатната побарувачка во случај на експанзивна монетарна политика;<br>- да го објасни поместувањето на кривата на агрегатната побарувачка во случај на рестриктивна фискална политика; | Се објаснува и дискутира за основните цели на макроекономијата и значењето на макроекономската рамнотежа.<br><br>Се презентира шематски приказ на инструментите на макроекономијата со употреба на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Економија за ИВ година (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- Основни макроекономски поими.<br><br>*2. Економија за ИИИ година*<br>Тематски целини:<br>- Вовед во економската наука;<br>- Вовед во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разбере шоковите на страната на агрегатната побарувачка (нафтениот шок од 1973/74 и стагфлација во 80те години - графичкиот приказ). | Се презентира графички приказ на поместувањето на кривата на агрегатната побарувачка во случај на експанзивна монетарна политика и рестриктивна фискална политика со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор.<br><br>Се користи стручна литература и списанија каде се обработуваат теми и содржини од областa на макроекономијата (конкретно за шоковите на страната на агрегатната побарувачка).<br><br>Се организира проектна работа на учениците за аграгатната побарувачка. | микроекономијата. |
| **2. ПОКАЗАТЕЛИ НА ОПШТЕСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО** | **10** | - Да ги продлабочи знаењата за бруто националниот производ (ГНП) како синтетички показател за производство на финални добра и услуги и економската моќ на земјите; | Се објаснува и дискутира за бруто националниот производ како синтетички показател за производство на финални добра и услуги и економската моќ на земјите. | *1. Економија за ИВ година (задолжителна програма);*<br>Тематска целина:<br>- Национален производ и доход. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да се запознае со поимот бруто домашен производ;<br>- да го спредува бруто домашниот производ и бруто национален производ по глава на жител со осврт на Македонија;<br>- да го објасни фактичкиот и потенцијалниот бруто национален приозвод;<br>- да ја идентификува распределбата - видовите на бруто националниот производ (ГНП). | Се организира групна работа со учениците за споредба на бруто домашниот производ и бруто националниот производ по глава на жител со осврт на Македонија.<br><br>Се објаснува и се врши споредба мегу фактичкиот и потенцијалниот бруто национален производ пришто се користат податоци од Заводот за статистика и од стручната литеартура од оваа област.<br><br>Се објаснува и дискутира за распределбата - видовите на бруто националниот производ (ГНП). | *2. Економија за ИИИ ḡодина*<br>Тематска целина:<br>- Основите на теоријата на производството;<br>- Фактори на производството и нивно пазарно вреднување. |
| **3. ПОТРОШУВАЧКА, ШТЕДЕЊЕ, ИНВЕСТИЦИИ И ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА** | **10** | - Да ги утврди знаењата за потрошувачката и законитостите поврзани со структурата на потрошувачката;<br>- да ја разбере личната потрошувачка;<br>да ја идентификува јавната потрошувачка (со осврт на | Се повторува и се објаснува за законитостите поврзани со структурата на потрошувачка и се презентира шематски приказ за личната и јавната потрошувачка со употреба на графоскоп или ЛЦД | *1. Економија за ИВ ḡодина (задолжиṫелна ṗроḡрама)*<br>Тематска целина:<br>- Потрошувачка, штедење и инвестиции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Македонија);<br><br>- да се согледа колку штедат одделни национални економии (избрани земји САД, Јапонија, Франција и Македонија);<br>- да се опише односот мегу потрошувачката, штедењето и инвестициите;<br>- да се согледа знаењето на инвестициите во економскиот раст и развој. | проектор.<br><br>Се објаснува и дискутира за тоа колку штедат одделни национални економии (избрани земји САД, Јапонија, Франција и Македонија) и се организира група или танндемска работа на учениците за да се изврши споредба.<br><br>Се дискутира за односот меѓу потрошувачката, штедењето и инвестициите, како и за значењето на инвестициите за економскиот раст и развој со употреба на графикони, табели и сл. при што се користи стручна литература, списанија, податоци од Интернет и сл. | *2. Економија за ИВ ḡодина*<br>Со претходната тематска целина. |
| **4. УЛОГА, КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИЈАТА, ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ДРУГИ ОБЛАСТИ НА** | **8** | - Да се запознае со поимот и улогата на индустријата;<br>- да ги идентификува проблемите и перспективите на индустријата во Р. Македонија;<br>- да ја согледа улогата и | Се објаснува и дискутира за поимот и улогата на индустријата.<br><br>Се презентираат и проследуваат примери од | *1. Економија за ИВ ḡодина*<br>Со претходните тематски целини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СТОПАНСТВОТО** | | специфичните карактеристики на земјоделството;<br>- да ги разбере мерките и перспективите за постабилен развој на земјоделството во Р. Македонија;<br>- да ги идентификува другите области во стопанството на Р. Македонија;<br>- да ги објасни перспективите за промени во стопанската структура на Р. Македонија. | практиката (реални ситуации во нашата земја) за проблемите и перспективите на индустријата во Р. Македонија при што се користи стручна литература, дневен печат, списанија, Интернет и сл.<br><br>Се организира, координира и контролира групна или тандемска работа на учениците (по можност) за самостојно определување на перспективите за промени во стопанската структура на Македонија (проектна работа). | |
| **5. НЕВРАБОТЕНОСТ И ИНФЛАЦИЈА** | **9** | - Да ги утврди сознанијата за невработеноста како макроекономски проблем;<br>- да ги класифицира видовите на невработеност;<br>а) фрикциона;<br>б) структурна;<br>ц) циклична;<br>- да ги согледа трошоците од невработеност; | Се објаснува, дискутира за невработеноста како макроекономски проблем и се презентираат примери од практиката.<br><br>Се презентира шематски приказ за видовите на невработеност. | *1. Економија за ИВ ѓоина (задолжиѿелна ӣроѓрама)*<br>Тематска целина:<br>- Невработеност и инфлација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја опише невработеноста и инфлацијата во избрани земји: САД, Франција, Шпанија, Грција и случајот на Македонија. | Се презентираат податоци од Интернет, стручната литература и списанија кои можат да бидат собрани и презентирани од учениците за трошоците од невработеност.<br><br>Се органзизира, координира и контролира групна работа на учениците за невработеноста и инфлацијата во во избрани земји: САД, Франција, Шпанија, Грција и случајот на Македонија и се презентираат резултатите и заклучоците од групната работа со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. ДРЖАВАТА И СТОПАНСТВОТО** | **12** | - Да го објасни значењето и карактеристиките на јавните приходи;<br>- да ги идентификува другите видови јавни приходи (такси, јавни заеми, придонеси, подароци и помош);<br>- да го разбере значењето и карактеристиките на јавните расходи;<br>- да ги опише карактеристиките и значењето на буџетот;<br>- да ги согледа буџетските дефицити во современите економии и нивниот третман во современата економија;<br>- да ги објасни економските циклуси (рецесија и експанзија);<br>- да ги сфати експанзивната и рестриктивната монетарна политика. | Се објаснува и дискутира за доминантните теории за улогата на државата во стопанството и се споредуваат нивните разлики.<br><br>Се презентира шематски приказ за другите видови јавни приходи и јавни расходи и се објаснува значењето и карактеристиките на буџетот.<br><br>Се организира тимска работа на учениците по дадени конкретни примери презентирани од учениците за буџетските дефицити и нивниот третман во современите економии.<br><br>Се објаснува и дискутира за економските циклуси (рецесија и експанзија), како и за експанзивните и рестриктивни монетарни политики со презентирање на примери од реалниот живот. | *1. Економија за ИВ година (задолжителна програма)*<br>Тематска целина:<br>- Државата и стопанството.<br><br>*2. Економија за ИИИ година*<br>Тематска целина:<br>- Регулација и дерегулација на стопанските сектори. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7. МЕГУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА** | **8** | - Да ги сфати странските директни инвестиции во светот и во Р. Македонија;<br>- да ги идентификува земјите во развој и земјите во транзиција во светската економија;<br>- да го карактеризира надворешно - трговски систем и надворешно - трговската политика на Р. Македонија;<br>- да го карактеризира девизниот систем и девизната политика на Р. Македонија;<br>- да го објасни билансот на плаќање (основни поими и биланс на плаќање на Р. Македонија во периодот по осамостојувањето). | Се презентираат примери од секојдневниот живот во врска со странските директни инвестиции во светот и во Р. Македонија и се развива дискусија со учениците.<br><br>Се објаснува за специфичностите на надворешно Ѓ трговскиот систем и надворешно Ѓ трговската политика на Р. Македонија.<br><br>Се презентира шематски приказ за носителите на надворешно Ѓ трговскиот систем надворешно Ѓ трговската мрежа на Р. Македонија, како и за инструментите на надворешно Ѓ трговскиот систем и надворешно Ѓ трговската политика, со употреба на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Економија за ИВ година (задолжителна програма);*<br>Тематска целина:<br>- Мегународна економија.<br><br>*2. Бизнис за ИИИ година*<br>Тематски целини:<br>- Технологии и бизнисот;<br>- Меѓународен бизнис.<br><br>*3. Трговија и трговско работење за ИИИ година (за асистентот за трговија и маркетинг)*<br>Тематски целини:<br>- Надворешно Ѓ трговски систем и надворешно - трговска политика;<br>- Девизен систем и девизна политика. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Се објаснува и поттикнува дискусија за карактеристиките на девизниот систем и девизната политика воопшто и посебно за Р. Македонија.<br><br>Се објаснува, се поттикнува и се организира групна работа на учениците за валутите и валутниот курс, како и за девизите и девизниот курс.<br><br>Се презентира и објаснува структура на билансот на плаќање на Р. Македонија во периодот по нејзиното осамостојување, со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет *економија за матура*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: водење на насочена дискусија, демонстрација, играње на улоги решавање на проблеми и симулација на реални ситуации, учење преку сопствено откривање, слободни задачи, тимска настава и сл.

*Активности на ученикот*: да дискутира, да применува правила и законитости, да набљудува, да слуша, да прибележува, да повторува, да објаснува, да чита, да презентира, да открива во група и независно, да размислува критички, да дава свој суд, да работи домашни задачи.

*Активности на наставникот:* организира, планира, подготвува настава, дава инструкции за работа, поттикнува на дискусии, објаснува, поставува прашања, оценува и поттикнува на самооценување од страна на учениците, симулира процеси и реални ситуации, презентира.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Процесот на учење во наставата, по наставниот предмет *економија за матура,* се изведува преку теоретска настава во училница каде што учениците ќе стекнуваат, пред с#, когнитивни и афективни компетенции, преку организирани посети на трговски друштва и институции, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници Ђ стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето.

Образовните активности по предметот *економија за матура* се организирани во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поуспешна реализација на целите на наставниот предмет *економија за матура,* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии, ТВ, видеорикордер, видеоленти, компјутерска опрема, ЛЦД проектор, публикации, шеми и сл. согласно Нормативот.

Литература потребна за реализација на наставата, како за наставниците така и за учениците е учебник за овој наставен предмет, наставни помошни материјали, стручни списанија, публикации и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши преку континуирано следење во текот на учебната година, усно и писмено - преку тестови на знаења, писмените извештаи за реализирани активности на учениците, креативноста,

постигнувањата и резултатите од тимската работа, индивидуалните домашни задачи, покажан интерес и активно учество на учениците на часовите.

Во текот на учебната година, учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на Наставната програма, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали; да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции; да поседува способност за изведување на настава и комуникација со учениците; да поседува способност за примена на современа образовна технологија; да поседува способност за планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување; да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по економија, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на Наставната програма по *економија за матура*, ќе се користи училница опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2002 година
**7.2. Датум на превземање:** мај 2008 година

**7.3. Состав на работната група:**

1. Снежана Димовска, советник, раководител, Биро за развој на образованието, Скопје
2. Д-р Таки Фити, професор, член, Економски факултет, Скопје
3. Трајанка Кушевска, наставник, член, ДСЕПУ вВасил Антевски - Дренг, Скопје
4. Јагнија Ангеловска, наставник, член, ДСУЕБ вАрсени Јовковг, Скопје
5. Предраг Јакимовски, советник, член, Стопанска комора на Македонија, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *економија за матура,* ја одобри (донесе): министерот за образование и наука со решение број 11-3368/1 од 24.06.2002 година.